РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-2196/2
24-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 55-тата седница одржано на 17.11.2021 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-2196/1 од 16.06.2021 година во форма на Иницијатива против судијата ------------------, од Основниот суд ---------------- и против ------------------------------------------------------------------------------------, судии од Апелациониот суд ----------------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во поднесената иницијатива се работи за пресуди од Основен и Апелационен суд, кои се во надлежност на разгледување и постапување на Судскиот Совет на РСМ.

Предметот со број 12-2196 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, -------------------------, а во име на група подносители и тоа ----------------- и -------------------------, од с. -------------, Општина ---------------------, поднесена е пријава - иницијатива против судијата ---------------------, од Основниот суд ------------ и против ----------------------------------------------------, судии од Апелациониот суд --------------, и оформен е предмет број 12-2196/1 од 16.06.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека постојат недостатоци во однос на пресудите во судскиот спор од имотен карактер, а во врска со постапка за купопродажба и утврдување на право на сопственост на недвижен имот заведен како КП.бр. ------------- на местото викано ,,-----------" катастарска култура ПС од 2-ра класа со површина од -------- м2, заведена во Имотен лист бр. ----- во КО ----------, со барање ДКСК да направи увид во целокупните списи по предметите П1.бр. ---/--- и ГЖ.бр. ----/---.

Подносителот на иницијативата, ја доставува во прилог на иницијативата копијата од Пресудата од Основен суд ------- со број П1. БР. ---/--- од ------- година и копија од Пресудата на Апелациониот суд ---------- со бр. ГЖ. Бр. -----/------од ---------------- година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на предметните наводи содржани во пријавата и дополнителните прилози, ДКСК констатира дека во случајот, а од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата, во предметната пријава станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, во случајот Судскиот совет на РСМ.

При доставувањето на Одлуката на подносителот на пријавата да му се укаже предметот со свое барање да го упати до Судскиот совет на РСМ.

Врз основа на наведено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до
- подносителот

Изработил: м-р К.З., Советник
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК